# ДЕЛ ОД БИОГРАФИЈАТА НА БИЗНИСМЕНОТ СИЛЈАН – ЦИЛЕ МИЦЕВСКИ (8)

Среда, 15 Јуни 2022 02:00




## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН И ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ

Монографијата „Силјан Мицевски“ за бизнисменот од Битола е дело на Славе Николовски-Катин во коавторство на Ѓорѓи Лумбуровски, а е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, во 2014 и во 2018 година, на 320 страници, на македонски јазик. Се очекува монографијата во најскоро време да биде  отпечатена.

Рецензенти на монографијата за Силјан Мицевски, угледниот македонски стопанственик, спортист, поддржувач на културата, уметноста и спортот, донатор, актуелен почесен конзул на Република Србија во Република Македонија и поранешен градоначалник на Општина Битола, се академик Владо Камбовски и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ.

Во монографијата „Силјан Мицевски“ е забележано дека тој по завршувањето на гимназијата, прво, се запишал на Правниот факултет во Белград, а потоа на Економскиот факултет во Прилеп, кој го завршил со висок просек, во 1975 година. Но, тука не запрел. Отишол понатаму. Предизвик му била науката. По извесен период, магистрирал во Софија, на отсекот Економија и менаџмент, со што се стекнал со титулата магистер по менаџмент.

Тој уште како основец во училиштето ,,Св. Кирил и Методиј” бил доста динамично и дружељубиво дете. Правел и споделувал младешки лудории и се’ она што носи и и приличи на возраста. Така било и како гимназијалец во ,,Јосип Броз-Тито”. Тие години се еден незаборавен дел од младоста, со сета убавина што ја има овој прекрасен период од животот.

Следела одлуката каде натаму да продолжи со образованието, со студиите. Морал да реши во која насока ќе одат неговите идни патеки.

Правниот факултет во Белград бил популарен и привлечен. Со кумот кроеле планови што да сторат. Се запишале на истиот и секоја недела патувале на патот Битола-Белград, Белград-Битола со куп обврски на факултет, но и со натпревари со клубот. Било пренатрупано. Се немало доволно време и за студии и за спорт. А се знае дека спортот му бил во крвта кој долго, до ден-денешен, останува да трае како Цилева огромна љубов, занимање, хоби... , да биде живот на свој начин...

Но, и покрај толкуте напори, самоодрекувања и распнатост на многу страни, увидел дека мора да сврти нов лист. Тогаш решил дека е најдобро и да ги финишира универзитетските студии и да е тука во комшилук, поблиску до своите. Не губел време. Се запишал на Економскиот факултет во Прилеп. Како што и не губел време во годините од средношколските денови до дипломец по економските студии.

Циле станал најмлад директор прво на една, па на друга фирма. Влегол со сета младешка понесеност, амбиција и решеност да успее. Бидејќи нема што не може да се направи кога се има упорност, капацитет, умешност и визија. Резултатите му се лична карта и најверните показатели.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**